Бр./Nr 12-3432/4
20-04-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 65-тата седница одржана на 15.04.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-3432/1 од 17.09.2021 година, оформен по доставена пријава за службеното лице ///, во моментот на поднесување на пријавата - градоначалник на Општина ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-3432/1 од 17.09.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител на ден 17.09.2021 година поднесена е пријава за службеното лице ///, во моментот на поднесување на пријавата - градоначалник на Општина ///, и оформен е предмет број 12-3432/1 од 17.09.2021 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за повреди на одредби од Изборниот законик сторени од страна на пријавениот кој според изнесеното во пријавата во период на распишани Локални избори 2021 година, во текот на месец /// ангажирал 10 лица со договор на дело. Во пријавата е изнесено дека за таквите ангажмани не биле планирани средства во буџетот на општината, и дека како работни места не биле планирани ниту со годишниот план за вработување.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање податоци и информации до Општина ///.

Од увидот во информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

Во текот на /// и /// 2021 година Општина ///, застапувана од градоначалникот ///, склучила договори за работен ангажман (договори за дело) со десет лица, за извршување на следните работи: одржување на улично осветлување (2 лица); одржување на водоводни системи (2 лица); одржување на јавна чистота на јавен простор (2 лица); одржување на компјутерска опрема (1 лице); односи со јавност и информации од јавен карактер (1 лице); ископ и затрупување на ровови при дефекти и интервенции на регионалниот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

водоснабдителен систем и чистење на диви депонии (1 лице); превоз на ученици од населените места (1 лице).

Сите лица со кои биле склучени договори во конкретниот период, освен едно, во подолг претходен период ги извршувале истите задачи врз основа на договори на дело. Со лицето кое претходно не било ангажирано, договор на дело бил склучен на 05.08.2021 година, еден ден пред распишување на Локалните избори 2021.

Во однос на договорите за извршување на работите поврзани со комунална дејност, ДКСК утврди дека истите биле склучени поради неможност услугите да се обезбедат од страна на локалното јавно претпријатие за вршење на комунални дејности.

ДКСК утврди дека во Правилникот за систематизација на работните места донесен од градоначалникот на 05.07.2021 година за кој е дадена согласност од МИОА на 22.07.2021 година идентификувани се работните места „соработник за односи со јавност и информации од јавен карактер", „соработник – систем администратор на ИТ мрежи", „возач" и „комунален редар". Во одговорот на Општина /// доставен по барање на ДКСК е содржана информација дека заклучно со октомври 2021 година, кога е доставен одговорот, работните места поврзани со одржување на компјутерска опрема и односи со јавност и информации од јавен карактер не биле пополнети. Склучувањето на договор за превоз на ученици претставувало продолжување на претходен ангажман врз основа на договор за дело којшто бил прекинат поради летниот распуст.

Според податоците од Буџетот на Општината за 2021 година и од Ребалансот, за склучените договори биле обезбедени средства.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Нури Бајрами**